Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 29.01.2019

На 28.01.2019 година околу 14.00 часот на магистралниот пат Гостивар-Кичево, во близина на каменоломите, се случила сообраќајна несреќа во која учествувале четири моторни возила - „Фолксваген голф" со гостиварски регистарски ознаки, управуван од С.М.(64) од Гостивар, минибус „Мерцедес" со охридски регистарски ознаки, управуван Л.Р.(50) од Охрид, „Фолксаваген пасат" со кичевски регистарски ознаки, управуван од А.Т.(51) од Кичево и патничко возило „Рено меган" со дебарски регистарски ознаки, управуван Т.К.(39) од Дебар. Во незгодата, возачите на возилото „голф" и минибусот, како и сопатник од „голфот" и осум патници од минибусот, на возраст од 20 до 76 години, се здобиле со повреди и биле пренесени во гостиварската

општа болница „Ферид Мурад". По укажаната лекарска помош, возачот на „голфот" С. М. и патникот од минибусот М.З.(44) од Охрид, биле префрлени на скопските клиники, додека другите биле пуштени на домашно лекување. Увид на местото извршиле Јавен обвинител и екипа од Полициската станица Гостивар.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Љ.Ц.(35) од село Мала Речица, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". На 15.12.2018 година на улица „Љуботенска" во Тетово полициски службеници извршиле претрес во куќата, сопственост на пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин, таблети екстази, дигитална вага со остатоци од кокаин.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Р.А.(31) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 23.07.2018 година во угостителски објект на улица „Киро Ристески Дрнц" во Тетово полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин.

На 28.01.2019 година во Полициската станица Бит Пазар, А.Х.(19) од Скопје пријавила дека истиот ден околу 08.20 часот на улица „Методија Митевски" била касната од куче скитник во пределот на лицето и десната рака.

На 28.01.2019 околу 17.20 часот е пријавено дена на улица "Индира Ганди" во Шуто Оризари малолетничка наводно видела дека непознати лица насилно внеле женско лице во комбе, но не знаела за кого станува збор. Околу 19 часот на истата улица се собрала поголема група граѓани и тогаш наишло патничко моторно возило "Хјундаи галопер" во кое се наоѓале А.Р.(34) од Скопје и Ф.К.(24) од село Долно Блаце, скопско, полициски службеници кои не биле на работа и Б.К.(39) исто така од село Долно Блаце при што истите биле нападнати од насобраните граѓани. На Ф.К. и Б.К. им биле нанесени тешки телесни повреди и биле пренесени во Градска општа болница "8-ми Септември" и комплекс клиники "Мајка Тереза". На А.Р. му биле констатирани телесни повреди. Со телесни повреди се здобил и полициски службеник кој преземал службени дејствија на местото на настанот. СВР Скопје презема мерки за расчистување на случајот. Во текот на вчерашниот и денешниот ден (до објавувањето на извадокот) нема пријава за исчезнато или грабнато лице од ниту едно семејство на подрачјето на Скопје.

Во текот на изминатиот ден (28.01.2018 година) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје од преземените мерки и активности констатирано е дека 34 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 17 возачи од кои: 15 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и двајца возачи затоа што биле возачи-почетници. Исто така исклучени од сообраќај се и 14 возила бидејќи 13 биле нерегистрирани, а

едно возило било технички неисправно. Санкционирани се тројца возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, двајца возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, еден поради неправилно престројување, пет поради непоседување пропишана зимска опрема, 18 возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 25 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкционирани се двајца пешаци поради поминување на коловоз вон пешачки премин и еден пешак поради поминување на коловоз на црвено светло. Во текот на изминатиот ден издадени се 66 мандатни платни налози и 60 возила се подигнати со специјално возило "пајак".

На 29.01.2019 година во 06.30 часот во Полициската станица Македонска Каменица било  пријавено дека М.С.(55), додека извршувал работни задачи во јама во рудникот „Саса", се здобил со повредаи и бил пренесен во Итна медицинска помош во Македонска Каменица за укажување на лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.01.2019 година во 10.00 часот во СВР Битола, од Итна медицинска помош Битола било пријавено дека со тешки телесни повреди се здобил Д.Д.(40) од Прилеп во фирма на улица „Бурса" во Битола. Тој, како претставник на друга фирма, со сопственикот отишол во фирмата на улица „Бурса" да договорат работа. Во еден момент, според пријавеното, качувајќи се на градежно скеле, се лизнал и паднал на подот. Тој бил пренесен во Клиничката болница Битола, каде му била укажана лекарска помош. Увид извршила екипа од СВР Битола, во присуство на трудов инспектор.

Секторот за внатрешни работи Куманово поднесе кривична пријава против И.Б.(44) од Куманово поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". И.Б, вработен во Затвор Куманово - отворено одделение Крива Паланка, лоциран во село Кшање, кумановско, Одделение за стручно - инструкторски работи-Сектор за ресоцијализација, на работно место Самостоен референт за практична обука на осудени лица од областа на дрво - преработувачка дејност, ја злоупотребил неговата службена должност и овластување и во просторија лоцирана во кругот на затворот со намера да го продаде на осудените лица во Затворот за одреден паричен надоместок, внел и прикрил еден мобилен телефон .

На 28.01.2019 година во 20.00 часот на Граничниот премин „Ќафасан", при пасошка контрола, било утврдено дека патната исправа што ја приложил И.К.(42) од Република Турција, се наоѓа на листата „Украдена, исчезната" по барање на Интерпол. И.К. бил приведен за понатамошна постапка.

На 28.01.2019 година во 14.15 часот во СВР Скопје, вработен во затворската полиција пријавил обид за бегство на затвореник. Според пријавата, во 11.00 часот затвореникот Е.К.(33) од Скопје, кој во КПУ "Идризово" е на издржување казна затвор од 10 години и 6 месеци, за укажување на медицински третман бил донесен со четири затворски полицајци во Завод за

рехабилитација на улица „Козара", каде се задржале до 13.30 часот. По излегување од ординацијата, Е.К. се дал во бегство, но бил фатен од страна на затворските полицајци, кои испукале и два предупредувачки куршуми во воздух. Потоа Е.К. бил спроведен до Арестанско одделение во кругот на комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје.

На 28.01.2019 година во 21.40 на паркинг во Стар Дојран полициски службеници извршиле контрола на паркирано патничко возило со гевгелиски регистарски ознаки во кое биле Д.И.(23) и С.И.(34), двајцата од Гевгелија и кај нив била пронајдена марихуана. Лицата биле лишени од слобода, а по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Регионалниот центар Југ поднесе кривична пријава против А.П.(35) од Скопје поради постоење онови на сомнение дека сторил кривично дело „фалсификување исправа". Имено на 29-ти ноември минатата година на Граничен премин Богородица пријавениот прикажал фалсификуван договор за купопродажба на патничко моторно возило.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.Т.(54) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 20.01.2019 година околу 20.00 часот во куќата на Т.И. во Куманово, по претходна вербална расправија, пријавениот физички ја нападнал Е.М.(50) од Свети Николе, при што и нанел тешки телесни повреди.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Б.К.(20), Д.К.(18) и двајца 14-годишни малолетници, сите од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 22.12.2018 година околу 23.45 часот во Куманово, по претходна вербална расправија помеѓу првопријавениот и И.В., пријавените физички го нападнале него, С.М., Е.Ј. и И.Ј..

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Д.И.(27) од село Горно Лакочереј, охридско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 18.01.2019 година во 03.00 часот на улица ,,Партизанска" во Охрид пријавениот физички нападнал полициски службеник кој преземал службени дејствија во врска со претходно нарушување на јавниот ред и мир.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против И.С.(23) и Д.Б.(20), двајцата од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,тешка кражба". На 18.11.2018 година во периодот од 17.00 до 21.15 часот со употреба на сила влегле во куќа во село Лескоец и од сеф одзеле австралиски и американски долари во вредност од околу 525.000 денари и мобилен телефон.

Секторот за внатрешни работи Охрид поднесе кривична пријава против две малолетни лица од Штип и Кочани поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „кражба‟ и „тешка кражба‟. Во периодот од 25 до 28 декември минатата година пријавените со употреба на сила влегле во црквата „Св.Архангел Михаил‟ на улица „Вардар”, а потоа и во две куќи на улиците „Пирин рланина‟ и „Петар Поп Арсов‟ во Охрид. Со извршувањето на делата пријавените се стекнале со противправна имотна корист од околу 40.000 денари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против И.А.(46) од село Лабуништа, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување‟ и едно продолжено кривично дело „даночно затајување‟. Пријавениот, во својство на управител на правно лице, во периодот од 2013 до 2018 година, остварениот приход не го внесувал на жиро сметка на правното лице, туку износот го прибавувал за себе, со што го оштетил правното лице за вкупен износ од 8.710.261 денари. Во истиот период тој одбегнал обврска за плаќање на данок на добивка, данок на додадена вредност и персонален данок, со што го оштетил и буџетот на Република Македонија за 2.435.110 денари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против К.З.(38) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,несовесно работење во службата”. На 04.04.2016 година пријавената, како заменик раководител во ДЕТИ ,,АМ ЦЕРТ” Скопје, издала согласност за регистрација на патничко возило „Сеат Леон”, и покрај тоа што во доставената документација имало очигледно несовпаѓање на податоците за сопственикот и подносителот на барањето за постапка за идентификација на наведеното возило.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против С.К.(59) од Дебар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,бесправно градење‟. Во текот на 2018 година на улица ,,Велко Влаховиќ” во Дебар пријавениот изградил објект за складирање без одобрение за градба, со што се стекнал со противправна имотна корист од околу 1.747.200 денари.

На 29.01.2019 година во 00.30 часот во СВР Скопје, А.Ѓ.(36) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 00.20 часот во Комплексот клиники „Мајка Тереза‟, kaj наплатната паркинг каса, бил физички нападнат од непознато лице. Се преземаат мерки за целосно расчитување на случајот.

На 28.01.2019 година во 08.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Центарот за социјални работи на булеварот „Трета Македонска Бригада‟, Н.Н.(35) од Скопје била физички нападната од В.Ј.(52) од Скопје. Сочинет записник за констатиран прекршок по член 4 и член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 28.01.2019 година во 15.10 часот во ПС Бит Пазар, М.Џ.(52) од Скопје пријавил дека во периодот од 22.30 часот на 27.01.2019 до 13.00 часот на 28.01.2019 година на улица „Ферид Мурати" непознат сторител го одзел неговото патничко возило „Фолксваген Шаран". Се преземаат мерки за целосно расчитување на случајот.

На 28.01.2019 година во 09.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 04.30 часот непознат сторител извршил разбојништво во куќата на И.С.(76) на улица „Кипарска" во Скопје. Сторителот влегол преку прозорецот и од И.С. одзел мобилен телефон и физички ја нападнал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)